РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-568/3
19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана 16.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-568/1 од 31.01.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што станува збор истата пријава пратена и до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како надлежна институција.

Предметот со број 12-568/1 од 31.01.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 31.01.2023 година, поднесена е пријава и оформен е предмет со број 12-568/1 од 31.01.2023 година.

Пријавата е поднесена против _______ _______, со наводи за несовесно извршување на работните задачи на работното место во _______ _______, поточно во одделот за давање информации од јавен карактер. Станува збор за одбиено поднесено барање за пристап до информации од јавен крактер со кое било побарано пристап до информција за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. Имателот на информации- во _______ _______ утврдило дека бараната информација, согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е исклучок од слободен пристап, поради следните причини:

Согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето за пристап до информација од јавен карактер било поднесено од лице кое не е барател во постапка за приватизација, а истото бара документација за предмет кој бил сеуште во постапка и се води пред управата за

имотно правни работи. Се наведува дека од тие причини била исклучена можноста за пристап до информации пред се заради можнодта од штетни последици во понатамошниот тек на постапката , како и погрешно разбирање на содржината на истата.

Воедно од страна на во _______ _______ бил сроведен тест за штетност, при што било утврдено дека во конкретниот случај се работи за барање фотокопија од акти кои се донесени во постапка за приватизација, а со добивање на побараната информација би се загрозил интегритетот на постапката, што само по себе доведува до појава на правни последици по однос на интересот кој се заштитува.

По однос наводите истакнати во пријавата и доставените прилози, ДКСК констатира дека подносителот поднел Жалба и до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: В.Г.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut